ПАТРИМОНИУМ.МК
Списание за културното наследство
- споменици, реставрација, музеи -
Година 16, број 21 / 2023

PATRIMONIUM.MK
Periodical for Cultural Heritage
- Monuments, Restoration, Museums -
Year 16, N° 21 / 2023



*Уредник*
Дарко Николовски

*Editor*
Darko Nikolovski

*Редакциски одбор:*
Иван К. Заров
Марула Николовска
Мирјана М. Машниќ
Роберт Петковски
Елизабета Касапова

*Editorial board:*
Ivan K. Zarov
Marula Nikolovska
Mirjana M. Mašnić
Robert Petkovski
Elizabeta Kasapova

*International Editorial board:*
Smiljka Gabelić (Belgrade)
Ioannis Sisiou (Kastoria)
Ivanka Gergova (Sofia)
Marina-Ileana Sabados (Bucharest)
Mihail Butirski (Moscow)
Jancarkova Julie (Prague)

Издавањето на ова списание го помогна

The publishing was supported by

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

# ПАТРИМОНИУМ.МК

Spisanie za kulturnoto nasledstvo
- spomenici, restavracija, muzei -
Година 16, број 21 / 2023

# PATRIMONIUM.MK

Periodical for Cultural Heritage
- Monuments, Restoration, Museums -
Year 16, N° 21 / 2023

КАЛАМУС CALAMUS

Скопје 2023 Skopje 2023

**СОДРЖИНА** **CONTENTS**


*Гоце НАУМОВ и Енгин НАСУХ*
ЗАШТИТНО АРХЕОЛОШКО ИСКОПУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВЛАХО КАЈ ЖИВОЈНО ВО 2023 ГОДИНА
**[9]**

*Goce NAUMOV and Engin NASUH*
RESCUE EXCAVATIONS OF THE VLAHO SITE AT ŽIVOJNO IN 2023
**[21]**

Гоце НАУМОВ, Александар МИТКОСКИ, Дејан ГЕОРГИЕВ, Викторија МАЧКОВСКА, Владимир КРСТЕСКИ, Христијан ТАЛЕВСКИ, Даруне ФРОСАР, Феран АНТОЛИН, Ирка ХАЈДАС и Амалиа САБАНОВ
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВРБЈАНСКА ЧУКА КАЈ СЛАВЕЈ (ПЕЛАГОНИЈА) ВО 2022 И 2023 ГОДИНА
**[23]**

Goce NAUMOV, Aleksandar MITKOVSKI, Dejan GEORGIEV, Viktorija MAČKOVSKA, Vladimir KRSTEVSKI, Hristijan TALEVSKI, DARUNEE FROSSARD, FERRAN ANTOLIN, Irka HAJDAS and Amalia SABANOV
RESEARCH ON THE VRBJANSKA ČUKA SITE AT SLAVEJ (PELAGONIA) IN 2022 AND 2023
**[46]**

Гоце НАУМОВ, Јасмина ГУЛЕВСКА, Дени ГЕОРГИЕВ, Никола ХРИСТОВСКИ, Марчин ПШИБИЛА, Феран АНТОЛИН и Ирка ХАЈДАС
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ПРЕКОП КАЈ АСАМАТИ (ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО) ВО 2023 ГОДИНА
**[47]**

Goce NAUMOV, Jasmina GULEVSKA, Deni GEORGIEV, Nikola HRISTOVSKI, Marcin PRZYBIŁA, Ferran ANTOLÍN and Irka HAJDAS
RESEARCH ON THE PREKOP SITE AT ASAMATI (LAKE PRESPA) IN 2023
**[60]**

*Перо СИНАДИНОВСКИ*
НАСЕЛБИТЕ И НАСЕЛБИНСКИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА
**[61]**

*Pero SINADINOVSKI*
THE SETTLEMENTS AND THE SETTLEMENTS` SYSTEM IN MACEDONIA
**[76]**

*Роберт ПЕТКОВСКИ, Филип АЏИЕВСКИ, Бунјамин ЏЕМАИЉИ*
ПРЕГЛЕД ОД АРХЕОЛОШКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ЃОНОВИЧКО КАЛЕ СЕЛО ГОРНА ЃОНОВИЦА, ГОСТИВАР 2022 ГОДИНА
**[77]**

*Robert PETKOVSKI, Filip ADZIEVSKI, Bunjain DZEMAILJI*
SURVEY OF THE ARCHAEOLOGICAL RESEARCH OF THE SITE GJONOVICHKO KALE, VILLAGE OF GORNA GJONOVICA, GOSTIVAR 2022
**[88]**

*Владимир МИЛАНОВСКИ*
ГРОБОВИ ИЗДЛАБЕНИ ВО КАРПА ОД МАНАСТИРОТ УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА - ТРЕСКАВЕЦ
**[89]**

*Vladimir MILANOVSKI*
GRAVES CARVED INTO THE ROCK FROM THE MONASTERY OF THE ASSUMPTION OF THE MOST HOLY MOTHER OF GOD - TRESKAVEC
**[98]**

*Лидија КОВАЧЕВА*
МАЃЕПСНИЦИТЕ ВО СТАРОГРЧКИОТ СВЕТ: ОД ТРАДИЦИЈА ДО РЕЦЕПЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА
**[99]**

*Lidija KOVACHEVA*
MAGICIANS IN ANCIENT GREECE: FROM TRADITION TO RECEPTION IN MACEDONIAN FOLCK TRADITION
**[108]**

*Викторија СОКОЛОВСКА*
ПАРИТЕ И ИСТОРИЈАТА
**[109]**

*Viktorija SOKOLOVSKA*
COINS AND HISTORY
**[118]**

*Јане КЛЕКОВСКИ*
СМРТНИОТ ДИОНИС ОД МАРВИНЦИ
**[119]**

*Yane KLEKOVSKI*
THE MORTAL DIONYSUS FROM MARVINCI
**[134]**

*Elizabeta DIMITROVA*
TALES FROM IMAGINARY ARCHIVES: painterly, biblical and otherwise
**[135]**

*Елизабета ДИМИТРОВА*
ПРИКАЗНИ ОД ИМАГИНАРНАТА АРХИВА: ликовни, библиски и поинакви
**[146]**

*Анђела ГАВРИЛОВИЋ*
ПРИЛОГ ТУМАЧЕЊУ СЛИКАНОГ ПРОГРАМА СВОДА ЦРКВЕ СВЕТОГ СПАСА У ШТИПУ СА ПОСЕБНИМ ОСВРТОМ НА ИДЕЈНИ КОНТЕКСТ ПОЈАВЕ СВЕТЕ ТРОЈИЦЕ, ХЕТИМАСИЈЕ И КОМПОЗИЦИЈЕ ВАЗНЕСЕЊА
**[147]**

*Anđela GAVRILOVIĆ*
ON THE SYMBOLISM OF THE PAINTED PROGRAM OF THE VAULT IN THE CHURCH OF THE HOLY SAVIOR AT ŠTIP WITH A SPECIAL REFERENCE TO THE FRESCOES OF THE HOLY TRINITY, THE HETOIMASIA AND THE ASCENSION OF CHRIST
**[158]**

*Mishko TUTKOVSKI*
THE MOSAIC DECORATION FROM THE EPISCOPAL RESIDENCE IN STOBI
**[159]**

*Мишко ТУТКОВСКИ*
МОЗАИЧНАТА ДЕКОРАЦИЈА ОД ЕПИСКОПСКАТА РЕЗИДЕНЦИЈА ВО СТОБИ
**[178]**

*Владимир ТАНЕВСКИ и Христијан ПЕТРОВСКИ*
ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА (СВ. НИКОЛА) ВО СЕЛО ГРНЧАРИ
**[179]**

*Vladimir TANEVSKI and Hristijan PETROVSKI*
THE CHURCH OF ST. ELIJAH (ST. NICHOLAS) IN THE VILLAGE OF GRNČARI
**[192]**

*Ефросинија ПАРЕВСКА*
ТРАДИЦИЈА И ВЛИЈАНИЈА: ПРСТЕНИТЕ ОД ЕТНОЛОШКАТА ЗБИРКА НА НАКИТ НА НУ „ЗАВОД И МУЗЕЈ“ – БИТОЛА
**[193]**

*Efrosinija PAREVSKA*
TRADITION AND INFLUENCES: RINGS FROM THE ETHNOLOGICAL COLLECTION OF JEWELLERY OF NI INSTITUTE AND MUSEUM OF BITOLA
**[202]**

*Христијан ЦВЕТКОВСКИ*
КРАТОВО КАКО КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ВО XV – XVI ВЕК
**[203]**

*Hristijan CVETKOVSKI*
KRATOVO AS A CULTURAL CENTER XV-XVI CENTURY
**[212]**

*Nagy MÁRTA*
DRAGON SERPENTS OF THE TREE OF THE CROSS
**[213]**

*Наги МАРТА*
ЗМИИТЕ - ЗМЕЈОВИ НА ДРВОТО НА КРСТОТ
**[228]**

*Дарко НИКОЛОВСКИ*
ТВОРЕШТВОТО НА СЛЕДБЕНИЦИТЕ НА ЗОГРАФОТ ТЕОДОСИЈ ЗОГРАФ ОД ВЕЛЕС
**[229]**

*Darko NIKOLOVSKI*
THE CREATIVE OPUS OF THE FOLLOWERS OF TEODOSIJ ZOGRAPH FROM VELES
**[246]**

*Снешка ЛАКАЛИСКА*
АНДОН ЗОГРАФ ОД МЕЛНИК, ЖИВОПИС И ИКОНОПИС ВО ЦРКВАТА ПРОРОК СВ.ИЛИЈА – с. МИТРАШИНЦИ, БЕРОВСКО, 1894/95 ГОДИНА
**[247]**

*Sneshka LAKALISKA*
ANDON ZOGRAPH FROM MELNIK, FRESCO AND ICON PAINTING IN THE CHURCH OF THE HOLY PROPHET ELIJAH – VILLAGE OF MITRASHINCI, BEROVO, 1894/95
**[258]**

*Екатерина НАМИЧЕВА, ТОДОРОВСКА, Петар НАМИЧЕВ*
СЕЛСКАТА КУЌА ВО ОХРИДСКАТА ОБЛАСТ ОД 19-от ВЕК
**[259]**

*Ekaterina NAMIČEVA TODOROVSKA, Petar NAMIČEV*
THE VERNACULAR RURAL HOUSE IN THE REGION OF OHRID IN THE 19TH CENTURY
**[274]**

*Меланија ШЕРДЕНКОВСКА*
МИЈАЧКА ГРАДИТЕЛСКА ТРАДИЦИЈА
**[275]**

Melanija SHERDENKOVSKA
MIJAK'S BUILDING TRADITION
**[286]**

*Марула НИКОЛОСКА*
БЕГОВСКИ КУЛИ ВО ПЕЛАГОНИЈА – АНАЛИЗА НА АРХИТЕКТУРАТА НА КУЌАТА/КУЛА ВО СЕЛО ЖИТОШЕ, КРУШЕВСКО
**[287]**

*Marula NIKOLOSKA*
BEGOVSKI TOWERS IN PELAGONIA - ANALYSIS OF THE ARCHITECTURE OF THE HOUSE/TOWER IN THE VILLAGE OF ZITOSHE, REGION OF KRUSHEVO
**[304]**

*Ангелина ПОПОВСКА*
РЕСТАВРАЦИЈА НА ИКОНОПИСНО ДЕЛО ОД ЈАРОСЛАВ КРАТИНА, ОД 1935 г. ОД МАНАСТИРОТ ВО МАТКА
**[305]**

*Angelina POPOVSKA*
RESTORATION OF THE ICONOGRAPHIC WORK OF JAROSLAV KRATINA FROM 1935 YEAR, FROM THE MONASTERY IN MATKA
**[314]**

*Лидија РОБЕВА ЧУКОВСКА*
*Биљана ЈАНКУЛОВСКА ПЕЕВА*
*Тена ШИЈАКОВА ИВАНОВА*
ФИЗИЧКО - ХЕМИСКИ ИСПИТУВАЊА СО ПРИМЕНА НА SEM-EDS И КОНЗЕРВАЦИЈА НА ПЕТ СТАКЛЕНИ САДОВИ ОД АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ
**[315]**

*Lidija ROBEVA ČUKOVSKA*
*Biljana JANKULOVSKA PEEVA*
*Tena ŠIJAKOVA IVANOVA*
PHYSICO-CHEMICAL EXAMINATIONS USING SEM-EDS AND CONSERVATION OF FIVE GLASS VESSELS FROM THE ARCHAEOLOGICAL SITE STOBI IN R.N. MACEDONIA
**[334]**

*Никос ЧАУСИДИС*
*Приказ на публикацијата*
„STAROVERSTVO V SLOVENIJI MED RELIGIJO IN ZNANOSTJO“
**[335]** **[342]**

*Викторија СОКОЛОВСКА*
“СКОПЈЕ ОСУМ МИЛЕНИУМИ ЖИВОТ, КУЛТУРА И ТВОРЕШТВО”
**[343]** **[346]**

*Јовица Гроздановски*
History of Classical Philology. From Bentley to the 20th Century.
Eds. Diego Lanza and Gherardo Ugolini. Transl. Antonella Lettieri.
Trends in Classics – Scholarship in the Making. Eds. Franco Montanari and Antonios Rengakos. Volume 2. Berlin/ Boston: Walter de Gruyter GmbH, 2022.
**[347]** **[350]**

*Јовица Гроздановски*
Pantelia, Maria C. Thesaurus Linguae Graecae: A Bibliographic Guide to the Canon of Greek Authors and Works. Oakland: University of California Press, 2022.
**[351]** **[352]**

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 728.6(497.781)"18"

Екатерина НАМИЧЕВА, ТОДОРОВСКА, Петар НАМИЧЕВ

# СЕЛСКАТА КУЌА ВО ОХРИДСКАТА ОБЛАСТ ОД 19-от ВЕК

**Клучни зборови**: *чардак, живеалиште, населба, дрво, камен*

**Апстракт**: *Руралната концепција на населбите во охридско најчесто е од збиен тип, поставени во рамничарскиот или ридскиот предел, каде се создале услови за развој на живеалиштата. Притоа доминантен модел на куќа претставува куќата со приземје и кат, која еволуирала со затворен и отворен чардак. Зголемениот обем на природните ресурси на езерото, планинските и котлински предели создале можности за различни креативни, просторни, конструктивни и естетски вредности на живеалиштата. Големиот број на модели на живеалишта во селските населби претставува дел од градителското наследство на богатиот културен и историски регион.*

Градот Охрид содржи богата историска и културна традиција, која се рефлектира и во делот на станбеното живеење во градот, каде се создал голем фонд на автентични, автохтони форми на куќи. Големиот потенцијал на градбите од урбаната средина извршил влијание и во руралните околни предели, населбите во околината на Охрид, каде континуирано се одвивал развоен процес на живеалиштата, приспособени на социјалната, економската и културната средина на регионот.

Руралната концепција на населбите во охридско најчесто е од збиен тип, поставени во рамничарскиот или ридскиот предел. Населбите во ридскиот предел се формирани според конфигурацијата на теренот со пад (Рамне, Велестово, Рача). Положбата на населбите се одредувала според потребите на новите населени семејства при нејзиното основање. Потребно било да има обработлива површина во околината, да ги задоволи потребите на занимањето на семејствата, на пример за риболов (Пештани, Трпејца, Коњско, Љубаништа), за земјоделство (Лакочерај, Орман,) сточарство (Велестово, Рамне) и сл. Семејствата со себе носеле одредени свои традиционални верувања во однос на формата и големината на куќата, а со тоа се формирал и одреден изглед на населбата. Доминирал пејзажот од околината каде со шумските предели кои биле во непосредната околина на населбата, се создавале удобни услови за живот и просперитет на семејствата. Според густината на куќите во населбата, може да се одреди и староста, односно постарите датирани населби имаат погуста положба на куќите (Пештани, Трпејца), додека населбите со помалку густ распоред на куќите се со посовремена концепција, одоносно поголемо растојание се оставало помеѓу куќите. Најчесто се практикувала поделбата на територијата по маала, каде што во средината се одредувал отворен простор - *сред село.* Имињата на маалата се одредувале според доселените родови во населбата. Во периодот на крајот на 18-от век населбите биле мали, со мал број куќи, подоцна во 19-от век се населуваат поинтензивно нови фамилии, а особено после почетокот на 20-от век се чувствува видливо зголемување на куќите и бројот на населението (Трифуновски 1992). Населбите во регионот на Охрид се најчесто од збиен тип со различна големина на дворната површина. Во населбите од ридскиот и подпланинските појаси (Рамне, Велестово, Скрабатно) имаат мала дворна површина, која најчесто е во функција за организација на градина, бавча и стопански згради (фурна, амбар и сл.) и за стопанските потреби на семејството.

Додека во рамничарските делови населбите имаат во непосредната околина на куќите обработливо земјоделско земјиште (Горно Лакочерај, Долно Лакочерај, Велгошти, Орман, Вапила, Лескоец).

Според големината населението во населбите се менува бројот на населението при крајот на 20-от век, односно во рамничарските села имаме доселување; Велгошти (2200), Долно Лакочерај

(650,), како и покрај езерските населби Пештани (1400), Трпејца (360), додека во подпланинските населби имало тенденција на намалување на бројот на населението; Велестово (1100), Коњско (590), Косел (650), Вапила (125), Рамне (590), Љубаништа (185), Завој (41), Опењца (104), Куратица (417). (Панов 1998)

Во почетокот се граделе приземни куќи од неколку простории, според можностите на семејството. Овој тип на приземни куќи се граделе до почетокот на 20-от век, кога се зголемува економската моќ на христијанското население и се градат куќи со приземје и кат.

Притоа населбите се развивале во одреден континуитет според економските услови и миграциите на населението од селските населби кон градот. На тој начин се напуштал традиционалниот начин на градење на куќите, воедно со примената на современите материјали се менувала и формата и надворешниот изглед на куќите.

**Модели на куќи**

Зголемениот обем на природните ресурси на езерото, планинските и котлински предели создале можности за различни креативни, просторни, конструктивни и естетски вредности на живеалиштата.

Големата разновидност на модели на куќи кои се граделе во овој регион, создава можност за дефинирање на одредени специфични куќи, кои би можеле да се наречат карактеристични за населбите. Сепак, според бројот и застапеноста на одредени форми кои се повторуваат во најголем број, можеме да издвоиме неколку карактеристични модели на куќи.

*Модел 1 - Куќа со кат, со отворен чардак (Косел)*

Куќите со приземје и кат, каде што чардакот е застапен на најголемиот дел од основата, претставува најзастапен модел на просторен распоред, кој јасно се одразува на надворешниот изглед. Чардакот е отворен поради благата клима, но и поради неговата функција  на простор кој ги поврзува сите останати простории. Приземјето најчесто е затворено, и со помошни простории за складирање на храна и покуќнински предмети.

Просторната организација на катот содржи решение најчесто со централен ходник или чардак (отворен со балкон, или затворен), кој на предната фасада завршува со балкон, кој се покрива со конструкција на фронтон, отворен или затворен. Покрај ова просторно решение, кога површината на чардакот е доминантна на катот, како дел или по целата широчина на предната фасада, тогаш се создава отворена концепција, со најголемо влијание од големината и формата на чардакот.

Конструктивниот систем се реализира во приземјето со ѕид од камен, додека на катот во зависност од големината на чардакот и неговата пложба се комбинираат двата конструктивни системи со скелетната дрвена конструкција. Овој модел е најраспространет во сите региони и пошироко на просторите на Балканот во истиот временски период на 19-от век. Куќата со најчесто отворен чардак наречен - *чардаклија*, има најголемо влијание и бил најзастапен тип на куќа во регионот.

Начинот на формирање на комплексната просторна содржина на куќата се реализирала напоредно со создавањето на конструктивниот систем, каде и отворите и зајакнувањата на конструкцијата се формирале во истиот градежен процес. Притоа одредено влијание се чувствува и од страна на големиот број на градителски тајфи кои пренесувале одредени искуства и од другите региони .

Во однос на декорацијата на надворешниот изглед на куќата од регионот се дефинира скромна применета обработка на одредени конструктивни елементи, седлата на спојот помеѓу дрвените столбови и греди, кои имаат покрај конструктивната улога на зајакнување на скелетниот систем, и декоративна улога. Отворите со правилни геометриски форми, се применуваат и на дрвената ограда на чардакот, по целата негова должина (Долно Лакочерај). Одредени скромни декоративни засекувања со одреден ритам се применуваат при обработката на стреите, дрвените елементи на прозорците, вратите, еркерите и сл,

Според формата и положбата на чардакот можеме да дефинираме: 1.А. куќа со странично поставен чардак (Косел. Куратица,Ливоишта, Опеница, Рамне, Скрабатно, Завој, Долно Лакочерај), 1.Б. куќа со централно поставен чардак (Косел, Куратица, Расино, Скрабатно, Вапила, Завој, Долно Лакочерај, Орман и 1.В. Куќа со чадак по цела широчина (Косел, Куратица, Ливоишта, Опеница, Рамне, Расино, Скрабатно, Вапила, Велестово, Велгошти, Долно Лакочерај, 1.Г. Куќа со неправилна форма на чардак.

Овој тип на живеалиште претставува наједноставен просторен концепт на неколку простории, кои се неопходни за функционирањето на намената за живеење. Иако се градени во периодот на првата половина па се до средината на 20-от век, сепак имаат скромна содржина.

Конструкција на куќата има вообичаени карактеристики за селската куќа од истиот период на поширокото подрачје.  Најчесто на подлога од камени темели се поставува камен ѕид на дел од

основата, најчето од задната страна, додека другите надворешни ѕидови се формирани со лесна бондручна конструкција, исполнета со плит, и премачкана од надворешната страна со смеса од кал и слама.

Покривањето е најчесто со четвороводен покрив, со керамида како покривач. Просторната содржина е поставена во една целина, каде во симетричен распоред со централен ходник од двете страни со по една просторија.

*Модел 2 - Затворен тип*

Овој тип на затворен просторно конструктивен систем претставува првичен и поедноставен тип на живеалиште, каде се доминантни економската положба на семејството и скромните потреби. Често овој тип се поврзува со еден од почетните форми на живеалишта кои се граделе во 19-от век, а кои подоцна се развивале според зголемените потреби и сваќањата за одредена посовршена форма на куќа во регионот. Најчесто во просторната организација, се користи само приземјето, додека подоцна на катот се гради балкон кој е продолжение на просторот на затворениот чардак.

Според формата и положбата на чардакот можеме да дефинираме: 2.А. Куќа од затворен тип со централен балкон и тимпанон (Косел, Куратица, Опеница, Вапила, Завој, Горно Лакочерај, Долно Лакочерај, Орман). 2.Б. Куќа од затворен тип без балкон и чардак (Куратица, Рамне, Завој, Долно Лакочерај, Орман)

*Модел - основа со форма на буквата Г*

Според формата на основата на куќата можеме да дефинираме 3.1. Куќа со отворен чардак со основа во форма на Г (Куратица,Опеница, Расино, Завој, Долно Лакочерај, 3.2. Куќа со чардак по целата должина (Долно Лакочерај)

Моделот на куќа која во основа има форма на буквата Г, претставува куќа која се градела во почетокот па се до средината на 20-от век, како одраз на влијанијата од градбите од другите региони и приспособување на модернизирање на правоаголната форма на просторната организација на основата и целокупниот изглед на фасадата на куќата.

Притоа се применуваат усовршени градителски постапки и дополнување на основната форма на куќата, приспособување на условите на локацијата и употребата на нови актуелни градежни материјали (керамиди, дополнителна обработка на камен, нови градежни материјали и техники).

Сите наведени типови на просторна организација на куќата имаат своја хронологија на развој, која е поврзана со вистинските потреби и можности на една заедница или семејство. Трансформацијата на просторот исто така се реализира според тековните промени во семејството каде што поедини членови формираат свое засебно семејство. На тој начин во контекст на актуелните потреби на периодот во кој се градени куќите имаат одреден белег, кој е препознатлив не само во примената на просторната организација, употребата на одреден конструктивен систем, туку и во надворешниот изглед на фасадата, односно структурата на материјалите кои се употребени. Појдовната концепција на живеалиштата започнала од локалните потреби на населението, каде доминира покрај структурата на семејната заедница и достапноста на материјалите за градба. Природните ресурси се поврзани со локалните наоѓалишта на камен, квалитетот на шумски предели, каде се користи за градежен материјал на дрво, како основа за градежниот концепт на градбата и квалитетот на структурата на земјата, која на повеќе начини се вградува во конструкцијата (врзно средство, облога, исполна, дополнителни обработки и сл. Притоа концептот на живеалиште добива различен план според одредени елементи на традицијата, како и на целокупната форма на градбата. Моделот на големината на живеалиштето постојано се менувал во насока да се следат тогашните потреби на населението. Сепак и покрај големите можности не можеме да говориме за поголема застапеност на одреден модел на куќа без притоа да се споменат сите фактори што влијаеле на архитектонско градежната форма.

Факторот клима има релативно големо влијание, во регион каде во непосредна околина е езерото како водено пространство, кое влијае со климатските и природните специфики, се до ридските шумски предели, и Галичица со која се создава предел поволен за создавање на населби, стопанска структура на дворни места, со помошни објекти, како и вклопеност во околниот пејзаж. Климата во одредени населби во зависност од положбата, се формира живеалиште во одреден првичен концепт, кој потоа занемарува одредени климатски влијаниа и се приспособува кон локалните сваќања за потребите на семејството.

Сепак при изборот на конструктивниот систем и применетите материјали, покрај локалните услови, сепак преовладува доминацијјата на каменот при градењето, најчесто на приземјето, каде што дел од катот се гради во скелетен - бондручен систем. Чардакот како повеќе функционален простор, отворен најчесто, се приспособил и на традицијата на неговата примена, но и на климата на регионот. Поретко се затвора чардакот, на ка-

тот, каде претставува простор за комуникација со другите простории.

Близината на околниот пејзаж каде доминира каменот како доминантен достапен градежен материјал, влијае особено при градењето на приземјето на куќата и нејзино поврзување со подлогата, заради долготрајност на опстојување на градбата. Различниот тип на камен, со цврста структура (гранит, речен, езерски) или послаба структура (лиснатец). Обработката на камен е помалку застапена, тој се применува во необработена форма, за градење на ѕидовите, подните подлоги, скалите, додека во обработена форма се применува за прецизните аголни парчиња или за одредени декоративни детали на фасадата или како дел од декорацијата на влезната врата или порта. Во помал број случаи е застапена обработка на стреата со камени плочи, над кои налегнува дрвената конструкција на покривот.

Земјата со одредени градежни карактеристики се наоѓа во непосредната околина, од каде се пренесува во околината на куќата, најчесто црвеница или глина, која е добра за понатамошна подготовка. Земјата се користи за поврзување на камењата во камениот ѕид, за исполна на подовите, ѕидните површини од внатрешната и надворешната страна и сл.

Дрвото се набавува од околните шуми, каде се вградува, како за носечката конструкција на неколкуте нивоа. Дрвениот материјал кој се употребива за градење на куќите потекнува од непосредната околина, и според вегетативните карактеристики, колоритот и структурата успешно се вклопува во околниот пејзаж.

Применетиот материјал за градење на куќите се практикувал да се подготвува според одредени претходни народни познавања и верувања околу начинот на донесување на материјалите за сечење на дрвата, обработката на земјата за различна намена и сл. На тој начин според потребите на семејството се дефинира и просторниот распоред и конструктивниот систем на живеалиштето.

## Заклучок

Севкупниот изглед на живеалиштето е од затворен тип, со сите економски и станбени содржини организирани на едно, најчесто на две а поретко и на три нивоа. Формата на куќата се вклопува во вообичаениот систем на организација на живеалиштата од регионот, со минимални специфични отстапувања, кои се повеќе резултат на инвентивноста на градителските тајфи отколку на значајни потреби на семејната заедница. Притоа не може строго да се дефинира одреден модел специфичен за регионот,

Под влијание на езерото и другите природни ресурси, туку повеќе за прилагодување на постоечките модели кон одредени минимални модификации, поврзани со специфичното занимање на населението.

Одредени специфики на станбените градби од охридскиот регион се однесуваат и на куќите и населбите од струшкиот регион, во однос на начинот на градење, моделот на куќа, примената на градежни материјали, локалните сфаќања за формата и обичаите околу градењето на живеалиштата и сл. (Намичев 1997).

Куќата во регионот на Охрид ги запазила основните традиционални вредности, во однос на формата на населбата, начинот на поставување на куќата во однос на природниот пејзаж, оптималноста на просторот приспособен на потребите, притоа со почитување на веќе постоечките форми. Во регионот се запазиле неколку основни модели, кои се модифицирале со текот на времето, но ја задржале основната концепција на функционалноста, економичноста, како и во однос на еколошките материјали кои се преземале од непосредната околина (Намичев 2023).

Впечатокот на градителскиот фонд на регионот има своја линија на автентичност на изборот на куќи, која се формирала според одредени потреби и сфаќања за традицијата на населението. Притоа можеме да дефинираме одредени специфики на локалниот израз, каде забележително влијание има придонесот на градителите особено на надворешната обработка, на изборот и обработката на каменот и дрвото, што создава одредена специфика на руралната куќа во охридската област. Големиот број на модели на живеалишта во селските населби претставува дел од градителското наследство на богатиот културен и историски регион.

**Литература**

Митрески П. (1983) Занаетчиството во охридско струшкиот регион 1918-1970, Студентски збор, Скопје.

Намичев П. (1997) Профаното архитектонско творештво во струшката област во 19 и почетокот на 20 век, Друштво за наука и уметност, Изворник 1-2, Струга , 195-212.

Намичев П. (2023) Традиционалната архитектура од Охрид и Струга од 19 век, Скопје.

Панов М (1998) Енциклопедија на селата во Република Македонија, Скопје, Лексикографија

Томовски К. (1979) Архитектурата во Охрид и Охридско, Семинар, Охрид, 263-272.

Трифуновски Ф.Ј. (1992) Охридско-струшка област, Антропогеографски проучувања. Београд, САНУ

Ekaterina NAMIČEVA TODOROVSKA, Petar NAMIČEV

## THE VERNACULAR RURAL HOUSE IN THE REGION OF OHRID IN THE 19TH CENTURY

*Resume*

The vast potential of the objects from the urban parts has made huge influence in the surrounding rural areas i.e., the settlements in the vicinity of Ohrid, where the development process of the housing objects adjusted to the social, economic and cultural conditions of the region, took place in continuance.

The house, usually with an open loggia called – čardaklija, made the biggest influence and became the most prominent type of house in the region. According to the form and the position of the loggia we can define: 1.A. house with laterally placed loggia; 1.B. house with a centrally placed loggia and 1.C. house with a loggia spreading over its entire width and 1.D. house with an irregularly formed loggia.

The spatially closed constructive system – model 2, represents the original and simplified type of a living object, in which the economic position of the family, as well as its modest needs are dominant. Often this type is related to one of the initial forms of houses which were built during the 19th century, and which later on developed in accordance to the increased needs and the understanding of certain more perfected forms of houses in the region.

Regarding the form of the base of the house, in the case of model 3 we can define: 3.1. House with an open loggia with a form of a right angle with one elongated side; 3.2. House with a loggia abound its entire length.

The house in the region of Ohrid has preserved the basic traditional values in regard to the form of the settlement, the place of the house in regard to the landscape, the optimal use of the space adjusted to the needs, while at the same time following the already existing forms throughout this process. Several basic models were preserved in the region, which although modified in the course of time, still maintained the basic concept of the functionality, the economic use, as well as the use of eco-friendly materials gathered from the approximate vicinity. The large number of models of living objects in the rural settlements represents part of the building heritage of the lavish cultural and historical region.



Сл.1.Изглед и основа на куќа со отворен чардак (модел1), Косел, охридско



Сл.2.Изглед и основа на куќа со отворен чардак (модел1), Косел, охридско



Сл.3.Изглед и основа на куќа со отворен чардак (модел1), Опеница, охридско



Сл.4. Изглед и основа на куќа со отворен чардак по целата должина (модел1), Опеница, охридско



Сл.5.Изглед и основа на куќа со отворен чардак по цела должина (модел1), Опеница, охридско



Сл.6..Изглед и основа на куќа со отворен чардак по цела должина (модел1), Расино, охридско



Сл.7.Изглед и основа на куќа со отворен чардак по цела должина (модел1), Вапила, охридско



Сл.8.Изглед и основа на куќа со отворен чардак по цела должина (модел1), Рамне, охридско



Сл.9.Изглед и основа на куќа со отворен чардак по цела должина (модел1), Расино, охридско



Сл.10.Изглед и основа на куќа со отворен чардак по цела должина (модел1), Расино, охридско



Сл.11. Изглед и основа на куќи со отворен чардак (модел1), Горно Коњско, Сливово, Ливиште, Завој, Скрабатно, охридско



Сл.12.Изглед и основа на куќи со отворен чардак (модел1), Скрабатно, Долно Лакочерај, Горно Лакочерај, охридско



Сл. 13. Изглед на куќи од отворен тип (модел 1), Рамне, Куратица, Расино, Вапила, Охридско



Сл.14.Надворешен изглед и основа на затворен тип на куќа со еркер (модел 3), Косел,охридско



Сл.15.Надворешен изглед и основа на затворен тип на куќа со балкон (модел 3), Опеница, охридско



Сл.16. Изглед и основа на куќи од затворен тип (модел 2), Вапила, Завој, Долно Лакочерај,охридско



Сл.17.Изглед на куќа со основа со форма на буквата Г, Опеница, охридско

| | |
|---|---|
| А |   |
| Б |   |
| В |         |
| Г |    |

Сл.18. Типови на просторност на основа на куќа со чардак, според положбата и формата на чардакот, охридска област: А. Со чардак во аголна положба, Б. Со чардак по длабочина на основата, В. Со чардак во положба по широчината на основата, Г. Со чардак со неправилна развиена форма.